




# ОСОГОВО

## ВЕЛОСИПЕДСКА ТУРА

Вело прошетка на Поникваа

**Почетна и крајна точка:**
**Паркинг - Поникваа**
**Време траење: 1,5 - 2h**

**Ниво на техничка спремност:**
**За средно искусни велосипедисти, лесна тура**

МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО
euroNATUR
FRANKFURT ZOOLOGICAL SOCIETY
sponsored by DBU Deutsche Bundesstiftung Umwelt www.dbu.de
МТБ ИСТОК



# ВЕЛОСИПЕДСКА ТУРА

## Вело прошетка на Поникваа

**Почетна и крајна точка:** **Паркинг - Поникваа**
**Висинска разлика:**
**Највисока точка 1631м. ман. Св. Василиј**
**Најниска точка 1362 м. раскрсница Резерват Пашаџиково**
**Вкупна елевација:** **665 м.**
**Ниво на техничка спремност:** **За средно искусни велосипедисти**
**Физичка подготвеност:** **Просечна**
**Време траење:** **1,5 - 2h**
**Вода:** **1 l** Патеката се протега по делумно урбано подрачје исполнето со викенд населби и угостителски објекти во кои постои можност да се наполни вода .
Храна: Мала ужинка или овошје.
Терен: 50% асфалт 50% земјен пат.
Внимание: Возете внимателно на асфалтниот дел од патеката и околу урбаната населба особено во викенд кога има поголемо движење на луѓе и возила.

Опис: Пониква е најразвиен спортско рекреативен центар на Осогово од каде започнува турата. Локалитетот е лесно достапен со возило по асфалтен пат, се наоѓа на 20 км од Кочани и нуди повеќе можности за сместување.
Оваа патека е замислена како фамилијарна и потполно рекреативна тура и затоа е од лесен карактер без да е потребна поголема физичка и техничка подготвеност.
Патеката е составена од три различни круга со приближно иста должина од 5 км,  односно со вкупна должина од 16 км. Круговите се преклопуваат што значи дека велосипедистот има можноста за кратко време да се врати до почетната точка,  да ја прекине турата или да направи мала пауза.
Релацијата на движење од паркингот кај одмаралиштето на Пониква кон манастирот Свети Василиј е по асфалтен пат.  Овде е и највисоката точка од патеката 1631м.н.в, од каде може да уживате во прекрасните глетки на исток кон Царев Врв и Руен, а на запад кон Кочанската Котлина и градот Пробиштип.
Патеката продолжува покрај ски патеката Тројка минувајќи низ викенд населбата и борова шума се до Ивков Преслап каде се наоѓа и чешма каде може да се наполни вода.
Првиот круг завршува со мало стрмно искачување до почетната точка.
Вториот круг се вози скоро целосно по асфалтен пат со многу мал дел на земјен пат што претставува можност да биде патека и за деца и за постари луѓе. Овој дел од патеката ги минува двете асфалтни улици во новата викенд населба која се наоѓа близу одмаралиштето.
Последниот дел од патеката го опфаќа делот на местото викано Аеродром движејќи се во правец кон Раткова Скала. Патеката се протега долж оградата на резерватот Пашаџиково, што е одлична можност понекогаш да се видат диви животни како елени или срни. На овој дел од патеката се наоѓа и најниската точка 1362 м.н.в со поглед кон прекрасниот карпест венец на Раткова Скала.
Патеката завршува во почетната точка паркинг кај поранешното детско одмаралиште на Пониква.
Патеката нуди е одлична можност да се ужива во убавините кои ги нуди Пониква, без премногу да се оддалечувате од рекреативниот центар.






